# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 17 ноември 2000
Скопје
Број 96 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**2991.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2000 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година.

Број 07-4556/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2000 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" број 86/99 и 16/2000) по членот 8 се додаваат три нови члена 8-а, 8-б и 8-в, кои гласат.

"Член 8-а

Регресот за исхрана во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 23% од просечната плата по работник исплатена во стопанството на Република Македонија во претходните три месеци.

Член 8-б

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, на работникот му се исплатува помош во висина од една просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 8-в

Во случај на смрт на работникот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот

Во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), на работникот му припаѓа парична помош во висина на една просечна месечна плата во органот каде што е вработен."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**2992.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година

Број 07-4557/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000) во членот 56 точката 6 се менува и гласи:

"утврдува Буџет и завршна сметка на Фондот"

Во точка 8 зборовите: "завршна сметка и" се бришат

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**2993.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година

Број 07-4558/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

**З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97 и 24/2000) во членот 160 точката 7 се менува и гласи·

"се утврдува буџет и завршна сметка на Фондот"

Член 2

Во членот 163 точката 4 се менува и гласи:

"утврдува буџет и завршна сметка на Фондот".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

---

**2994.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година

Број 07-4552/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

**З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Член 1

Во Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" број 26/96) во член 21 алинејата 17 се менува и гласи·

"- утврдува Буџет и завршна сметка на Фондот"

Член 2

Во член 24 алинеја 4 се менува и гласи

"- утврдува Буџет и завршна сметка на Фондот".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**2995.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 ноември 2000 година

Бр. 07 - 4580/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с р

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с р

**З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

Член 1

Во Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Службен весник на Република Македонија" бр 69/96, 13/99 и 41/2000) во членот 31 ставот 1 се менува и гласи·

"Користењето на средствата ќе се врши врз основа на Буџетот на Фондот кој, на предлог на директорот на Фондот, го утврдува Владата на Република Македонија, а го донесува Собранието на Република Македонија, согласно со Националниот акционен план за заштита на животната средина Приходите на Буџетот се обезбедуваат од донации, надоместоци, еко даноци, такси, казни, кредити и друго."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

---

**2996.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА - СКОПЈЕ**

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје, се определуваат.

- д-р Лазо Пекевски, професор на Природно-математичкиот факултет Скопје,
- д-р Стојанчо Стојменовски, професор на Машинскиот факултет - Скопје,
- д-р Атанас Филиповски, професор на Градежниот факултет - Скопје

2 Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4181/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р

---

**2997.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ**

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Земјоделски институт - Скопје, се определуваат:

- д-р Саша Митрев, научен соработник во Институтот за јужни земјоделски култури - Струмица,
- д-р Петре Ивановски, професор на Земјоделскиот факултет - Скопје,
- д-р Перо Христов, професор на Земјоделскиот факултет - Скопје

2 Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4300/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р

**2998.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД ОХРИД**

1 За претставници во Советот на Јавната научна установа Хидробиолошки завод - Охрид, се определуваат
- д-р Митко Костадиновски, доцент на Природно-математичкиот факултет - Скопје,
- д-р Живко Сековски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет - Скопје,
- д-р Стое Смилков, доцент на Природно-математичкиот факултет - Скопје.

2 Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-4359/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2999.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП**

1. За претставници во Советот на ЈНУ Институт за тутун - Прилеп, се определуваат:
- д-р Петар Егуменовски, професор на Земјоделскиот факултет во Скопје,
- д-р Симеон Карајанков, професор на Земјоделскиот факултет во Скопје,
- д-р Миле Пешевски, професор на Земјоделскиот факултет во Скопје.

2 Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-4399/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3000.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ" - СКОПЈЕ**

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков" - Скопје, се определуваат
- д-р Стојка Бојковска, професор на Филолошкиот факултет - Катедра за македонски јазик - Скопје,
-д-р Максим Каранфиловски, професор на Филолошкиот факултет - Катедра за славистика - Скопје,
-д-р Живко Цветковски, професор на Филолошкиот факултет - Катедра за македонски јазик - Скопје

2 Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-4798/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р

**3001.**

Врз основа на член 100, став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ПРИРОДНОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА**

1. Александар Талевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Природнонаучниот музеј на Македонија, на негово барање.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-4892/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с р.

**3002.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ - ВЕЛЕС**

1 За вршител на должноста директор на Народниот музеј - Велес се именува Катерина Саздова, дипл инж. арх. директор, самостоен проектант и дизајнер во сопствена фирма "Мираж" - Велес.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4893/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3003.**

Врз основа на член 100, став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "25 МАЈ" - МАКЕДОНСКИ БРОД**

1 За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата "25 Мај" - Македонски Брод се именуваат.

а) за претседател
Славко Тренкоски, академски сликар
б) за членови·
Зоран Трајаноски, дипл. правник
Драган Николоски, професор
од редот на вработените·
Ѓурѓа Дамјаноска
Зорица Велјаноска

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-4894/2 Претседател на Владата
31 октомври 2000 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с р.

**3004.**

Врз основа на член 100, став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ**

1 Драган Бошнакоски се разрешува од должноста претседател на Управниот одбор на Уметничката галерија - Скопје, поради остварување право на старосна пензија.

2 За претседател на Управниот одбор на Уметничката галерија - Скопје се именува Менка Карапашовска, виш кустос во Уметничката галерија

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-4895/2 Претседател на Владата
31 октомври 2000 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с р.

**3005.**

Врз основа на член 100, став 2, а во врска со член 35 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ДРАГИ ТОЗИЈА" - РЕСЕН**

1 За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата "Драги Тозија" - Ресен се именуваат

а) за претседател
Благоја Димитровски
б) за членови.
Петар Негровски
Елизабета Најчевска, дипл педагог
од редот на вработените
Верка Митановска, библиотекар
Димитар Радевски, археолог

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-4896/2 Претседател на Владата
31 октомври 2000 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с р

**3006.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр 31/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ЈАНЕ САНДАНСКИ" - ПЕХЧЕВО**

1 За вршител на должноста директор на Домот на културата "Јане Сандански" - Пехчево се именува Јованчо Станоевски, економист.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4897/2 Претседател на Владата
31 октомври 2000 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с р

**3007.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА НАБАВКА, ТРАНСПОРТ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС "ГА-МА" - СКОПЈЕ**

1. Александар Талевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас "ГА-МА" - Скопје, на негово барање

2 За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за набавка, транспорт и дистрибуција на природен гас "ГА-МА" - Скопје се именува Илија Пемов, пратеник во Собранието на Република Македонија

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр 17-4907/2 Претседател на Владата
31 октомври 2000 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с р

**3008.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр 38/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

1 За заменик на директорот на Јавното претпријатие Македонски железници - Скопје се именува Хамзи Цафери, дипл. рударски инженер, референт во Министерството за труд и социјална политика - ПЕ - Карпош - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

| | |
|---|---|
| Бр. 17-5048/1 | Претседател на Владата |
| 31 октомври 2000 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р |

**3009.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

1 За претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за национална историја-Скопје се определуваат:

- д-р Димитар Димески, професор на Филозофскиот факултет-Катедра за историја-Скопје,

- д-р Билјана Поповска, професор на Правниот факултет-Скопје,

- д-р Ванче Стојчев, професор на Воената академија-Скопје.

2. Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-5077/1 | Претседател на Владата |
| 31 октомври 2000 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р. |

**3010.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" - СКОПЈЕ

1 За претставници во Советот на ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков"-Скопје се определуваат:

- д-р Илија Велев, виш научен соработник во ЈНУ Институт за македонска литература-Скопје,

- д-р Танас Вражиновски, вработен во ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп,

- д-р Зеќир Кадриу, заменик на директорот на Бирото за развој на образованието во Министерството за образование и наука.

2. Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-5078/1 | Претседател на Владата |
| 31 октомври 2000 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р. |

**3011.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА - ПРИЛЕП

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за старословенска култура-Прилеп се определуваат:

- д-р Коста Балабанов, професор во пензија,

- д-р Борис Петковски, професор на Филозофскиот факултет-Скопје,

- д-р Радмила Угриновска-Скаловска, професор на Факултетот за музичка уметност-Скопје.

2. Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 17-5079/1 | Претседател на Владата |
| 31 октомври 2000 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р |

**3012.**

Врз основа на член 25 од Законот за научно-истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ -СКОПЈЕ

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Економски институт-Скопје се определуваат.

- д-р Ѓорѓи Ѓорѓиевски, професор на Земјоделскиот факултет-Скопје,

- д-р Блажо Недев, професор на Економскиот факултет-Скопје,

- д-р Трајко Русевски, професор на Економскиот факултет-Скопје

2. Со определувањето на новите претставници во Советот на овој институт, на досегашните им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

| | |
|---|---|
| Бр. 17-5080/1 | Претседател на Владата |
| 31 октомври 2000 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Љубчо Георгиевски,** с.р |

**3013.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ШУМАРСТВО

1. Се разрешува Миле Јакимовски од должноста главен републички инспектор за шумарство, поради заминување на друга должност

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4953/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3014.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

1. За помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува Миле Јакимовски, досегашен главен републички инспектор за шумарство.
2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4954/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3015.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

1. Се разрешува м-р Љупчо Несторовски од должноста помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради заминување на друга должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4955/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3016.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**

1. За главен државен инспектор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство се именува м-р Љупчо Несторовски, досегашен помошник на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4956/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3017.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува Сами Ибраими од должноста потсекретар во Министерството за надворешни работи, поради заминување на нова должност.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5016/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3018.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

1. За потсекретар во Министерството за надворешни работи се назначува Хуреме Гура, професор.
2. Именуваната оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5017/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**3019.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува Јорданчо Којзаклиев од должноста помошник на министерот за внатрешни работи, на негово барање.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-5068/1
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

**3020.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува Александар Бежовски од должноста советник на министерот за внатрешни работи, поради заминување на друга должност

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-5069/2
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р

**3021.**

Врз основа на член 88 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр 59/2000) и член 36 точка 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 октомври 2000 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1 За советник во Владата на Република Македонија се назначува Александар Бежовски, досегашен советник на министерот за внатрешни работи

2. Именуваниот оваа должност ќе ја врши до стекнување на статус на државен службеник според Законот за државните службеници.

3 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-5070/1
31 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с р.

## *Огласен дел*

### ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I во Скопје решение Трег. бр 17028/99, во регистарската влошка бр. 02031418?-3-01-000, го запишал во трговскиот регистар Друштвото за производство, услуги и трговија ОЛТАВЕ Оливер и др. ДОО увоз-извоз Скопје, бул. "АВНОЈ" бр 64/2-1.

Основачи на друштвото се Атанасовски Оливер од Скопје, бул. "АВНОЈ" бр 64/2-1 и Атанасовска - Еленовска Весна од Скопје, бул "АВНОЈ" бр. 64/2-1

Дејности 22.21, 22.22, 22 23, 22.24, 22 25, 28 51, 28 52, 31 10, 31 50, 31 62, 32 10, 45 31, 45 32, 45 33, 45 34, 50 10, 50 20, 50 30/1, 50 30/2, 50.40/1, 50.40/2, 50 50, 51.21, 51 22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51 34, 51.35, 51 36, 51 37, 51 38, 51 39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51 44, 51 45, 51.47, 51 51, 51 52, 51.53, 51 54, 51.55, 51.56, 51 57, 51 70, 52 11, 52 12, 52.21, 52 22, 52.23, 52 24, 52.25, 52 26, 52.27, 52 33, 52 41, 52 42, 52 43, 52.44/1, 52 44/2, 52 44/3, 52 44/4, 52 45, 52 46, 52 47, 52 48, 52 50, 52.62, 52 63, 52 72/1, 52 72/2, 52 73, 52.74, 55.11, 55.12, 55 30, 55.30/1, 55 30/2, 55.40, 60 21, 60 22, 62.23, 60 24, 63 40, 65 12/3, 70 31, 71.10, 71 33, 72 20,72 30, 72 40, 72.50, 72 60, 74 12, 74 13, 74 40, 74 81, 74 82, 74 3, 74 84, 92 34, 93 01, 93 02, 93 04, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, услуги на меѓународна шпедиција, меѓународен превоз на стоки и патници во друмскиот сообраќај, реекспорт, консигнација, малограничен промет со стоки и услуги со соседните земји Бугарија, Грција, Албанија и СР Југославија, изведување на инвестициони работи во странство

Во правниот промет со трети лица друштвото иступува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара со сите свои средства

Лице овластено за застапување во правниот промет со трети лица е Атанасовска - Еленовска Весна - управител без ограничување

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Трег бр 17028/99 (26330)

Основниот суд Скопје I во Скопје решение Трег бр. 15465/99, во регистарската влошка бр. 02029158?-8-01-000, го запишал во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Трговско друштво за застапување и трговија на големо и мало ЕККО БИЗНИС Снежана ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ГТЦ 2 кат.

Дејности 50 10, 50.20, 50 30/1, 50 30/2, 50.30/3, 50 40/1, 50.40/2, 50 40/3, 50 40/4, 50 50, 51.13, 51.15, 51 16, 51 17, 51 18, 51.19, 51.21, 51 22, 51 24, 51.25, 51 31, 51.32, 51 33, 51.34, 51 35, 51 36, 51 37, 51 38, 51 39, 51 41, 51 42/1, 51 42/2, 51.43, 51 44, 51 45, 51 47, 51.51, 51.53, 51 54, 51.56, 51.57, 51 61, 51 62, 51 63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52 11, 52.12, 52 21, 52.22, 52 23, 52.24, 52 25, 52 26, 52 27, 52 33, 52 41, 52.42, 52 43, 52.44/1, 52.44/2, 52 44/3, 52.44/4, 52 45, 52.46, 52.47, 52.48, 52 50, 52.63, 55.11, 55 12, 55 21/1, 55 21/2, 55.30/1, 55 30/2, 60.21, 60 23, 60.24, 63 12, 63.21, 63 30, 63 40, 71.10, 71 33, 71.34, 71 40, 74.12, 74 20/3, 74 40, 74 84, 93 05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување, комисиона продажба, консигнација, реекспорт, малограничен промет со Албанија, Бугарија, Грција и СР Југославија

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските во правниот промет друштвото одговара со целокупниот имот.

Радивојевиќ Снежана - управител без ограничување во внатрешен промет.

Радивојевиќ Снежана - управител без ограничување во надворешен промет

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Трег бр 15465/99. (26332)

Основниот суд Скопје I во Скопје решение Трег бр. 9989/99, во регистарската влошка бр 02021009?-8-01-000, го запишал во трговскиот регистар усогласувањето на Друштво за трговија ЕМИНЧО КОМЕРЦ Емин ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул "Пелагонија" бр. 30

Фирма: Друштво за трговија ЕМИНЧО КОМЕРЦ Емин ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Седиште: Скопје, ул "Пелагонија" бр 30

Дејности на друштвото. ~~15.13, 15.51, 15.52, 15.60,~~ 15 86, 19 20, 19 30, 20.10, 20.30, 20.51, 51 21, 51 22, 51 23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51 33, 51 34, 51 35, 51 36, 51 37, 51 38, 51 39, 51.41, 51 42, 51 42/1, 51 42/2, 51.43, 52 11, 52.12, 52.21, 52 22, 52.23, 52 24, 52.25, 52 26, 52 27, 52 41, 52 42, 52 43, 52.44, 52 44/2, 52 44/3, 52 44/4, 52 45, 52 46,

52.50, 52.62, 52.63, 55.11, 60.22, 60.23, 60.24, 63 40, 65.12/3, 74.84, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународна шпедиција, реекспорт, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Управител на друштвото е Емин Рамадан без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I во Скопје, Трег. бр. 9989/99. (26333)

---

Основниот суд Скопје I во Скопје решение Трег. бр. 10288/99, во регистарската влошка бр. 02026176?-8-06-000, го запишал во трговскиот регистар усогласувањето на Друштвото за меѓународен транспорт и трговија БРЕЗА ШПЕД Фатмир ДООЕЛ експорт-импорт Арачиново, с Арачиново ул. 50 бр. 7.

